Општински ученички дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 02-259/1
29.08.2019 год.
Велес

Врз основа на член 60 став 1 алинеа 2 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на Р.Македонија бр.52/05) и член 59 од Статутот на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес, Управниот одбор на седницата одржана на ден 29.08.2019 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за предлагање на Годишна Програма за работа на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес

Член 1

Управниот одбор ја разгледа Годишната Програма за работа на ОУД„Лазар Лазаревски“-Велес за учебната 2019/2020 година и истата ја предлага на усвојување до Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Општински ученички дом ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ * Велес * Република Македонија

Претседател на Управен одбор,
Александар Гулевски

Општинско ученичко дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 01-258/1
29.08.2019 год.
Велес

ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ" ВЕЛЕС

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ" ВЕЛЕС ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

в.д. Директор,

Марјанчо Јорданов

Август, 2019

Врз основа на член 60 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на РСМ бр. 52/05) и член 59 од Статутот на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес на седницата одржана на ден 29.08.2019 година, предлага до Советот на Општина Велес да донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУД „ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ"ВЕЛЕС
за учебната 2019/2020 година

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски" Велес е воспитно-образовна установа што овозможува сместување, исхрана и соодветен престој на учениците кои се школуваат надвор од своето место на живеење. Домот прифаќа редовни ученици од четирите средни училишта во градот и тоа од ОСУ„Јовче Тесличков", ССОУ„Коле Неделковски", ССОУ„Димитрија Чуповски" и ОСУ„Гимназија Кочо Рацин". Тој е наменет за ученици од различни возрасти и степени на образование кои имаат потреба од домско сместување.

Домот работи според програма за воспитно-образовна дејност која придонесува за развој на индивидуата преку постојните воспитно-образовни подрачја.

Појдовни основи за изработка на Годишната програма се:

- Законот за ученички стандард
- Статутот на ОУД „Лазар Лазаревски" - Велес донесен 2008 година
- План и Програма за воспитно - образовна дејност во ученичките домови донесена 1999 година од Министерството за образование и наука на Република Македонија
- Планови, програми и резултати од претходните учебни години
- Услови за работа на Домот

Овој документ претставува рамковна програма во која се утврдуваат целите, задачите, основните подрачја и содржините на воспитно-образовната работа, педагошките услови и профилот на ресурсите кои што ќе ја реализираат. Истовремено, во континуитет ќе се залагаме за флексибилно и континуирано следење на трендовите и подобрување на условите согласно потребите на учениците, односно за индивидуален и социјален развој на учениците согласно со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики.

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

Табела бр.1 Општи податоци за ученичкиот дом

Име на Ученичкиот дом	ОУД „Лазар Лазаревски"
Адреса, општина, место	ул.„Д-р.Христо Татарчев"бр.3- Велес, Велес
Телефон	043/231-337
Фах	043/212-794
Е-маил	dudlazarlazarevski@yahoo.com
Основач/сопственик	Општина Велес
Верификација - број на актот	09-10995/3
Година на верификација	26.10.2015
Датум на основање	19.10.1956
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик
Година на изградба	1962
Тип на градба	Тврда градба
Површина на објектот	2354м2
Површина на дворот	3000 м2
Ученичкиот дом работи во смени	Да
Начин на загревање на Ученичкиот дом	Сопствено топловодно греење на нафта
Број на воспитни групи	7(седум)
Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)	Зелено знаме
Датум на добиен статус	05.03.2014 23.12.2015

Табела бр.2 Просторни услови за работа на ученичкиот Дом

Вкупен број на згради	2(две)
Бруто површина	6054м2
Нето површина	3054м2
Број на катови	П+2
Број на занимални	3(три)
Број на простории за дополнителна воспитно-образовна дејност и слободни ученички активности	1(една)
Простории за администрација	4(четири)
Простории за воспитувачи	1(една)
Домска библиотека	1(една)
Кабинет за информатика	1(една)
Сала за пинг-понг	1(една)
Фитнес сала	1 (една)
Медиотека	1 (една)

Табела бр.3 Материјално-технички средства

Компјутер	6
Лап топ	8
Печатар ласерски	5
Печатар игличен	1
Телевизор	6
Сервер со 5 клиенти	1
Видео мониторинг со 16 камери	1
Интерна разгласна станица	1
ДВД	1
ЛЦД проектор	1

Табела бр.4 Реконструкции, санации и одржување пред почеток на учебната година

Нови душеци во спални соби на учениците	240 душеци
Хортикултурно уредување на дворот	2000м2
Извршени молерофарбарски работи	2000м2
Извршена дезинфекција	цел објект
Извршена дезинсекција	кујна со помошни простории, трпезарија, магацини и подрумски простории
Извршена дератизација	кујна со помошни простории и подрумски простории
Нови маси во спални соби на ученици	45
Поставени се сончеви колектори	7
Нови кревети во спални соби на ученици	240
Нови плакари во спални соби на ученици	40

Табела бр.5 Структура на ученичкиот дом

Број на членови на Управен одбор (име и презиме)	7(седум)
Број на членови на Совет на родители (име и презиме)	5 (пет)
Совет на воспитувачи (име и презиме)	Дејан Гиновски Елена Даскалова Василка Ѓурчиновски Валентина Граматова Ивана Димовска
Членови на Домска заедница (број на ученици)	15

Табела бр.6 Човечки ресурси во ученичкиот Дом

	Вкупно	**Етничка и полова структура на вработени**									
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**Други**	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	13	4	9	/	/	/	/	/	/	/	/
Даватели на услуги-воспитувачи	5	1	4	/	/	/	/	/	/	/	/
Административни службеници	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
Помошно-технички лица	6	2	4	/	/	/	/	/	/	/	/
Директор	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/

Табела бр.7 Степен на образование на вработени

Образование	**Број на вработени**
Високо образование	7
Средно образование	4
Основно образование	2

Табела бр.8 Старосна структура на вработени

Години	**Број на вработени**
20-30	/
31-40	4
41-50	/
51 - пензија	9

➢ Ученици

Врз основа на член 27 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019), Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија" број 55/10, 49/11, 50/15, 59/16, и 41/17) и Правилникот за начинот на остварување на правото за сместување во ученички дом за учениците во спортска академија бр.20-6066/1 од 22.03.2016 година, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА распиша Конкурс за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2019/2020 година. До 15.07.2019 година во ОУД „Лазар Лазаревски" Велес комплетна документација доставија вкупно 120 ученици. Согласно објавениот конкурс, во првиот уписен рок примени се вкупно 120 ученици.

Состојбата со примените ученици е прикажана табеларно:

Табела бр.9 Преглед на ученици по години на школување

	година	вкупно
1.	Прва година	28+4
2.	Втора година	26
3.	Трета година	33
4.	Четврта година	26+3
ВКУПНО:		**120**

Табела бр.10 Преглед на ученици по училишта

	година	вкупно
1.	ОСУ„Јовче Тесличков"	6
2.	ССОУ„Коле Неделковски"	45
3.	ССОУ„Димитрија Чуповски"	62
4.	ОСУ„Гимназија Кочо Рацин"	7
ВКУПНО:		**120**

Табела бр.11 Етничка структура на учениците

Воспитна група	Број на ученици	Етничка структура на учениците				
		македонци	албанци	турци	роми	други
I	24	23		1	/	/
II	24	24		/	/	/
III	24	24		/	/	/
IV	24	24		/	/	/
V	24	24			/	/
Вкупно	**120**	**119**		**1**	**/**	**/**

Учениците кои од претходната учебна година престојувале во домот, а се упатени на поправен испит, комплетната документација треба да ја достават најдоцна до 31.08.2019 година.

Доколку слободните капацитети во јавните ученички домови не се пополнат и заради економска оправданост, конкурсот останува отворен за пополнување на слободните места со студенти во согласност со Правилник за начинот и постапката за

прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија" број 89/13 и 98/13).

Одобрение-согласност за примени ученици во ученичкиот дом дава Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Формирање на воспитни групи

Севкупната работа на воспитните групи ќе биде педагошки осмислена и организирана. Содржината, обемот, формите, методите, организацијата на работата, артикулацијата на времето и сл. се утврдени со Програмата за работа на групата, а се во склоп на Програмата за работа на Домот.

При формирање на воспитните групи се постапува според определени критериуми: полот, возраста, годините на школување, времето за посета на наставата и слични појдовни основи во овој смисол.

За да се постигне добар резултат на воспитната работа со групата потребна е стручност, искуство, флексибилност, познавање на психологијата на воспитаниците, животните патишта од минатото, сегашноста, желбата за себевидување и потврдување во иднината, како и се друго што може да му помогне на воспитувачот во правилното насочување на воспитаникот.

Ученичка домска заедница

Домската заедница претставува највисок степен и орган на организирање на учениците и неа ја сочинуваат сите ученици во Домот. Од сите ученици, на демократски принцип, се избира:

- нејзино раководство (Претседател, Заменик претседател, Записничар),

- Комисии (Комисија за успех во учењето, Комисија за дисциплина, Комисија за хигиена, Комисија за исхрана, Комисија за културно-забавен живот, Комисија за спорт и рекреација, Комисија за соработка, Комисија за екологија и здрав живот)

Давателите на услуги-воспитувачи, како и административната служба и помошно-техничкиот персонал во Домот, ќе ја помагаат работата на Домската заедница со инструктивно-советодавна помош и ќе овозможи услови за непречена самостојна работа.

За успешна реализација на барања што произлегуваат од Домското раководство комисиите ќе изготвуваат свои Планови и Програми за работа до 30.09.2019 година. Домското раководство ќе се состанува еднаш месечно, а согласно потребите и повеќе. При тоа ќе се разгледува проблематиката за постигнатиот успех, редовноста и дисциплината на учениците во Домот, хигиената во спалните соби на учениците, културно-забавниот и рекреативен дел, меѓусебните односи и други проблеми од животот и работата во Домот.

2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

- Мисија на Домот

Мисијата на ОУД ,,Лазар Лазаревски"-Велес ги нагласува целите и приоритетите во работата на ученичкиот дом, а ги содржи нашите вредности, верувања, очекувања и интереси.

Ученичкиот дом креира работна средина каде што води грижа и дава подршка за зајакнување на ефективното работење и учење, потикнување на клима на соработка и меѓусебна поддршка што овозможува одговорност, разбирање и почитување

Цел на мисијата:

- Да бидеме ученички дом кој нуди современа, модерна, квалитетна воспитно-образовна работа која е прилагодена на потребите на учениците и ќе овозможи нивно креативно, интелектуално и позитивно оформување и надградување.

- Да влијаеме на сестраниот развиток на личноста со вистински вредности и начела кои ги стекнала кај нас, а ќе и бидат двигател и водич низ лавиринтите на животот.

Изјава на мисијата: Мисијата ќе му овозможи на секој ученик да ги развива своите мисловни, емоционални, социјални и индивидуални способности преку усвојување знаења и вештини, да развие граѓанска свест за сопствениот, националниот и културниот идентитет, почитување на луѓето и грижа за здравјето и здравата околина.

- Визија на Домот

Ученичкиот дом ќе преставува силна , современа и респектабилна воспитно – образовна институција

Цел на визијата:

- Преку воспитно-образовниот процес да се влијае на создавање на здрави личности во поглед на физичкото, менталното и социјалното здравје кои ќе ги остварат обврските на одговорни граѓани.Стекнатите знаења и вештини да бидат трајни и истите да можат да ги применуваат во понатамошното образование и извршување на работните задачи. Остварувањето на визијата, ученичкиот дом ќе го овозможи преку стекнување на знаења, вештини и позитивни вредности на личноста. Континуирано ќе работи на остварување на целта на визијата преку учење, критичко мислење, напредување од сите области користејќи ги потенцијални средства со кои располага ученичкиот дом и околината.

Изјава на визијата: Нашите ученици да се стекнат со вештини и знаења кои ќе им помогнат да се изградат во здрави и одговорни личности, подготвени за предизвиците на животот, оспособени да го применат стекнатото знаење и вештини. Со позитивно изградените вредносни системи тие да бидат носители на општествено- корисна работа, ценети и пожелни во поширокаата општествена заедница.

- Мото на Домот

Ова е сликата на ученички дом кон која целиме во иднина. Во тоа веруваме сите, и сите заеднички се водиме од едно и единствено мото:

Со заедничка и тимска работа до високи стандарди и квалитети

- Лого на Домот



3. "LESSONS LEARNED"-ВЕЌЕ НАУЧЕНО/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Од активностите од минатата учебна година се извлечени следните поуки:

- Со поттикнувањето, развивањето и иновациите во воспитно-образовната работа и вклучувањето во различни проекти се зајакнува самодовербата на учениците, самоактуелизацијата на идивидуата, еколошката свест и сл.
- Опременоста на ученичкиот дом со нагледни средства е добар предуслов за успешно изведени занимања
- Континуирано одржување на хигиената во ученичкиот дом е услов за здрав живот
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците
- Посетата на семинари и советувања од страна на воспитувачи, директор и административна служба дава добри резултати во стручни сознанија, како и во модернизација, усовршување и беспрекорно функционирање на ученичкиот дом
- Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати
- Организирањето на занимањата, планирањето и подготовката, следењето на учениците, изборот на форми и методи на учење од страна на воспитувачите води кон унапредување и надоградување на воспитно-образовниот процес
- Уредувањето на кабинети, занимални, работилници, двор и слично е чекор кон правење на домската средина како пријатно место за работа, учење и престој
- Изведувањето на екскурзии, натпревари и слично гради здрави и успешни ученици
- Изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигнувањата и успехот на учениците

При изготвувањето на Годишната програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, во предвид беше земено и следното:

- Позитивните искуства од претходните учебни години

- Користење на домскиот простор (домски простории, кабинети и сл.)

- Анализи и препораки од МОН

- Анализи и препораки од Здружение на директори на ученички и студентски домови

- Препораки од Управниот одбор

- Анализи и искуства од работењето на Советот на воспитувачи, Совет на родители, Домската заедница

- Соработка и препораки од Локалната самоуправа

- Соработка со училиштата

- Соработка со Центар за јавно здравје

- Соработка со институции, преку спроведување на едукативни предавања и практични вежби

- Искуства стекнати при реализација на Планови и Програми за реализација на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом

- Реализација на слободни ученички активности

- Соработка со МВР

- Соработка со НВО

4. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

4.1 Подрачја на промени

Анализирајќи ги силните и слабите страни во ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, расположливите ресурси во ученичкиот дом како и неговото опкружување, се фокусиравме на определување на следните потреби:

1. Зајакнување на соработката со родителите
2. Едукација на човечките ресурси за поголемо почитување на принципите за толерантност и хуманост во меѓусебната комуникација, како услов за јакнење на Домската клима.
3. Организирање стручни предавања ,советувања и обуки за воспитувачи, ученици и родители.
4. Градење кај учениците систем на позитивни вредности, почитување и толеранција.
5. Интензивирање на соработката со други ученички домови во Република Македонија и надвор од неа.

4.2 Приоритетни задачи

Ученичкиот дом зацртува и приоритетни задачи:

- да придонесе во развојот на физичка култура и здрав начин на живеење

- да придонесе во развојот на навики за интелектуална работа

-да придонесе во развојот на естетските способности и поттикнување на творечките способности

- да придонесе во развојот на еколошката свест на учениците

- да придонесе во развојот на работните навики за исполнување на обврските кон училиштето

- да придонесе во запознавањето со највисоките човечки индивидуални и општествено-хуманистички вредности

Според вака поставени приоритетни задачи ќе се реализираат содржини со повеќе методски постапки и конкретна реализација при работата со учениците. Зависно од возраста на учениците, училиштето кое го посетуваат, претходните знаења и сл., ќе се приоѓа кон прилагодување на содржините, кои ќе бидат во рамки на барањата на овие приоритетни задачи.

Други задачи, кои ќе се извршуваат континуирано, се:

- да се изградува култура на домување кај учениците, за исхрана, одржување на општата и личната хигиена, како и зачувување на животната и работната средина

- да се изградува чувство на одговорен однос кон обврските и барањата што ги поставува домската средина во поглед на учењето и други задолженија во рамките на воспитно-образовниот процес.

4.3 Цели на ученичкиот Дом

1. Сфаќање на значењето на трудот како извор на сите вредности и формирање на позитивен однос кон истиот.

2. Придонесување кон индивидуален развој на учениците во склад со хуманистичките и современите вредности.

3. Надополнување, проширување и продлабочување на знаењата на учениците за убавото и естетското, развивање на способностите за перцепирање, доживување и вреднување на убавото, како и поттикнување на естетските творечки способности на учениците.

4. Формирање физички здрави личности, кои ќе можат да преземаат акции за поздрав живот, личности кои ќе бидат подготвени да се самореализираат преку сите компоненти на позитивна личност.

5. Оспособување на учениците да ја запознаваат (бараат и откриваат вистината), како и да формираат личен и одговорен однос кон неа.

5. АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

Како составен дел на оваа Годишна програма за работа на ученичкиот дом се акциските планови во кои се дадени сите активности за стратешките и развојни цели преку конкретни задачи, активности, инструменти и очекувани резултати.

Подготвени се акциски планови за следниве стратешки и развојни цели:

Стратешка цел 1. **Подобрување на инфраструктурата на ученичкиот дом.**

Стратешка цел 2. **Зголемување на свеста за чувањето на животната средина и унапредување на условите за работа во ученичкиот дом.**

Стратешка цел 3. **Работно усовршување на човечките ресурси согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на работата во ученичкиот дом**

Реден број	Стратешка цел	Развојни цели
1.	**Подобрување на инфраструктурата на ученичкиот дом**	1. Промена на азбестните табли на кровот на ученичкиот дом 2. Поставување на монтажни тераси на приземје во ученичкиот дом
2.	**Зголемување на свеста за чувањето на животната средина и унапредување на условите за работа во ученичкиот дом**	1. Организирање на акции за чистење и хортикултурно уредување на дворот на ученичкиот дом. 2. Поставување на канделабри
3.	**Работно усовршување на човечките ресурси согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на работата во ученичкиот дом**	1. Континуирана неформална едукација за директор, даватели на јавни услуги, административна служба и постојани или повремени Комисии во ученичкиот дом

6. ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

- *Критериум за успех*

Со цел за зголемување и подобрување на безбедноста и условите во нашиот Ученички дом со акциските планови се разработуваат 3 стратешки и 5 развојни цели. Со истите ќе се зголеми квалитетот на функционалноста на ученичкиот дом.

Стратешка цел 1. **Подобрување на инфраструктурата на ученичкиот дом**

Со цел за подобрување на инфраструктурата на ученичкиот дом со акциските планови се разработуваат 2 развојни цели. Со истите ќе се овозможи да се создаде пријатно и безбедно место за престој на учениците и вработените во ученичкиот дом.

Развојна цел 1. Промена на азбестните табли на кровот на ученичкиот дом

Развојна цел 2. Поставување на монтажни тераси на приземје во ученичкиот дом

Стратешка цел 2. **Зголемување на свеста за чувањето на животната средина и унапредување на условите за работа во ученичкиот дом.**

Со цел за зголемување на свеста за чувањето на животната средина и унапредувањето на условите за работа во нашиот ученички дом со акциските планови се разработуваат 2 развојни цели. Со истата ќе се зголеми подигањето на свеста на учениците и иницијатива за хортикултурно уредување на ученичкиот дом.

Развојна цел 1. Организирање на акции за хортикултурно уредување на дворот на ученичкиот дом.

Развојна цел 1. Поставување на канделабри

Стратешка цел 3. **Работно усовршување на човечките ресурси согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на работата во ученичкиот дом**

Со цел за работно усовршување на човечките ресурси согласно со современите текови за подобрување на квалитетот на работата во ученичкиот дом со акциските планови се разработува 1 развојна цел. Со истата ќе се зголеми квалитетот на работата и функционирањето на ученичкиот дом.

Развојна цел 1. Континуирана неформална едукација за директор, даватели на услуги , административна служба, постојани и повремени Комисии во ученичкиот дом

Како инструменти кои ќе се користат при евалуација на акциските планови се набљудување (обсервација), интервју и прашалник.

Одговорни лица за следење на акциските планови се директорот и одговорни лица назначени од директорот, Локалната самоуправа, Управниот одбор, Советот на воспитувачи и Советот на родители.

По секоја спроведена задача од акцискиот план одговорните лица поднесуваат извештај со повратна информација за постигнатите резултати.

7. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА

ПРОГРАМСКИ КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ И СОДРЖИНИ ОД ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Прием и сместување на учениците (состаноци со родителите)	Август - Септември
2.	Формирање на воспитните групи	
3.	Одбележување на 8-ми септември-Ден на независноста на Република Северна Македонија	
4.	Анкетирање на учениците за членување во секции	
5.	Комуникација со средните училиштата од градот Велес и Домовите во Р.Северна Македонија	
6.	Недела на Црвен Крст	
7.	Недела на борба против туберкулоза	
8.	Организирање излет по повод 26 Септември-Светски ден на чисти планини	
9.	Натпревари во спортски дисциплини помеѓу воспитните групи	
10.	Работа на библиотека	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Посета на Музејот на современа уметност	Октомври
2.	Одбележување на Патронен празник на Домот	
3.	Спортски натпревари- Лига на Домови	
4.	Одбележување на 5 Октомври-Светски ден на учителот	
5.	Одбележување на 11-ти октомври Ден на Македонскиот народ	
6.	Посета на театарска претстава	
7.	Одбележување на 23-ти Октомври, Денот на македонската револуционерна борба	
8.	Работа на секции	
9.	Работа на библиотека	
10.	Натпревари во спортски дисциплини помеѓу воспитните групи	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1	Одбележување на 9 Ноември-Ден на Општина Велес	Ноември
2.	Посета на кино претстава	
3.	Спортски натпревари- Лига на Домови	
4.	Сумирање на резултати од прв класификационен период	
5.	Посета на театарска претстава	
6.	Одбележување на Недела на борба против алкохолизмот, наркоманија и пушење	
7.	Поетска вечер- Поет гостин во Домот	
8.	Работа на секции	

9.	Работа на библиотека	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Предавање по повод 1-ви Декември Светски ден на борба против сидата	Декември
2.	Спортски натпревари- Лига на Домови	
3.	Посета на културна манифестација или претстава	
4.	Програма по повод Новогодишните и Божиќните празници	
5.	Работа на секции	
6.	Работа на библиотека	
7.	Одбележување на 8 Декември-Ден на Свети Климент Охридски	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Организирање на екскурзија за наградени ученици	Јануари-Февруари
2.	Работа на секции	
3.	Работа на библиотека	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Одбележување на Недела на борба против ракот	Март
2.	Посета на културна манифестација	
3.	Спортски натпревари- Лига на Домови	
4.	Одбележување на 17 Март-Ден на крводарителство на Република Северна Македонија	
5.	Одбележување на Ден на пролетта и Ден на екологијата	
6.	Работа на секции	
7.	Работа на библиотека	
8.	Одбележување на 8 Март-Меѓународен ден на жената	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Спортски натпревари- Лига на Домови	Април
2.	Одбележување на 7 Април - Светски ден на здравјето	
3.	Посета на театарска претстава	
4.	Велигденски хепенинг	
5.	Посета на манастирски комплекс во Република Северна Македонија	
6.	Посета на Саем на книгата	
7.	Одбележување на 22 Април-Светскиот ден на Планетата Земја	
8.	Работа на секции	
9.	Работа на библиотека	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација

1.	Одбележување на Први мај-Меѓународен ден на трудот	Мај
2.	Спортски натпревари- Лига на Домови	
3.	Учество на Домијада	
4.	Предавање - Ден на борба против пушењето	
5.	Работа на секции	
6.	Работа на библиотека	
7.	Одбележување на 24 Мај-Ден на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј	

Ред.бр.	Програмска содржина	Време на реализација
1.	Сумирање на резултатите од активностите	Јуни
2.	Договор за подготовки за претстојната учебна година	

Во зависност од материјалните, просторните и други услови за работа, содржините опфатени во Програмскиот календар, можат да претрпат отстапки, но за истите сите учесници навремено ќе бидат известувани.

8. ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА

Ученичките домови се составен дел на воспитно - образовниот систем во Република Северна Македонија и заедно со училиштата работат на реализацијата на остварувањето на општата цел и задачите на средното образование. Носители на воспитно - образовната работа за остварувањето на основната дејност во ученичкиот дом се давателите на услуги-воспитувачите. Воспитувачите во ученичките домови ја вршат воспитно-образовната работа со учениците и ги остваруваат целите и задачите на програмата. Воспитувачот се појавува како: демократ, конструктивен соговорник, поттикнувач, иницијатор и креативец. Притоа тој има на располагање голем број средства, методи и форми на работа кои му овозможуваат со успех да ја реализира и индивидуалната и групната работа и работата со воспитната група во целост.

Вреднувањето на воспитно-образовниот процес се одвива преку систем на следење, прибирање податоци, анализа и вреднување на резултатите постигнати во текот и на крајот од учебната година.

Покрај непосредната работа со воспитаниците, воспитувачот во својата секојдневна работа треба да биде насочен на соработката со родителите, училиштата во кои учат воспитаниците, со непосредната општествена средина, било да се тоа поединци или институции кои ќе придонесат во работењето и развојот на Домот.

Ученичкиот дом е отворена институција кон јавноста и во интерес на учениците континуирано работи и комуницира со нивните родители.

Ученичкиот дом е поврзан и со Локалната средина преку разни манифестации, прослави, изложби и сл., а содржините од ова подрачје се инкорпорирани во воспитно-образовните подрачја, а конкретизирани во Календарот на активности.

8.1. Цели и задачи

Во рамки на воспитно-образовниот систем и во соработка со училиштата, ученичките домови работат на остварување на општата цел и задалите во средното образование. При тоа се води грижа да се создадат услови и можности за индивидуален и социјален развој на учениците, сообразен со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, при што ги оспособува за понатамошно образование во услови на динамичен општествен развој.

За да ја постигне вака поставената цел на работење, домот ги има следните посебни цели:

- обезбедува услови за здрав физички, ментален и социјален развој на учениците;
- ги развива интелектуалните и работните способности како и доживување на естетски вредности;
- ги воспитува учениците во духот на слободите и правата на човекот;
- овозможува непречен развој на творечките способности на секој поединец;
- придонесува во воспитувањето на учениците врз морал и култура заснована на демократски принципи;
- го следи, го поттикнува и го насочува напредокот на учениците за подобри резултати во учењето.

8.2. Основни програмски подрачја и содржина на воспитно-образовната работа

Активностите во рамките на воспитно-образованата работа во ученичкиот дом се групуирани во неколку области со соодветни содржини.

- ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ

Целта на програмата по физичко и здравствено воспитание е да се формираат физички здрави личности кои ќе може да превземаат акции за поздрав живот, здрава средина, односно личности кои ќе бидат подготвени да се самореализираат преку сите компоненти на позитивна личност.

Од ова подрачје ќе бидат практикувани соодветни активности според Програмата, а тоа се следните:

- запознавање со здравствената состојба на учениците на почетокот од учебната година преку биографски податоци, разговори и следење во текот на престојот;

- создавање услови за лична и општа хигиена, култура на исхрана, безбедност и прва помош, превентива од современи пороци, спортување и вежби за менување на животните навики за да се унапредува физичкото здравје;

- создавање услови за комуникација, самодоверба и сомопочит;

- организирање на здрава домска средина и меѓусебна соработка меѓу воспитувачите, учениците, родителите и средината;

- запознавање со хуманитарни организации, како што се Црвен крст, Светска здравствена организација и други.

За успешна реализација на програмата за физичко и здравствено воспитание, Домот обезбедува функционално сместување и хигиенски услови за живеење, работа и исхрана. Примарна задача во Домот е да се создаваат навики за лична и општа хигиена како и здравствено-хигиенско просветување на учениците.

Земајќи ја во предвид актуелната состојба на подложност на учениците на штетни влијанија на болести на зависност и потреба од елиминирање во рамките на можностите, како и перманентна потреба од здравствена и морална едукација и воспитание, во текот на учебната година, ќе се реализираат одредени содржини за постигнување на овие цели координирано со Општинската Организација на Црвен Крст и Центарот за јавно здравје од Велес.

За успешна реализација на програмата ќе се организираат дискусии, советувања, одговори на прашања што ги интересираат учениците и сл. На почетокот од учебната година, исто така, ќе бидат формирани и организирани спортски секции во зависност од кадровските и просторни можности. Покрај редовната активност во секциите и спортската лига на Домовите во Република Северна Македонија, учениците ќе бидат упатувани на правилен спортски и фер однос во спортување и навивање.

➢ ИНТЕЛЕКТУАЛЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ

Програмските содржини од подрачјето на интелектуалното воспитание е еден од најважните елементи во воспитно-образовната работа во ученичките домови. Процесот на интелектуално воспитание во домот има свои специфичности и се разликува од училишното и семејното воспитание.

Целта на интелектуалното воспитание е да ги оспособува учениците да ја запознаваат (бараат и откриваат) вистината, како и да формираат личен и одговорен однос кон неа. На тој начин Домот придонесува во формирањето на личноста на ученикот, на развој на интелектуални способности, изградување на креативното мислење, концентрирање на вниманието, помнењето и фантазијата. Со својата дејност Домот влијае и на поттикнување на мотивацијата за учење, самостојно учење, интелектуално творештво и самообразование.

Од ова подрачје ќе бидат практикувани соодветни активности според Програмата, а тоа се следните:

- развивање навики за интелектуална работа (психологија на учење,физиолошки ритам на работа и замор, користење на информации за работа од енциклопедии, лексикони и друго);

- создавање услови за подготовка на настава (простор и време за учење);

- упатување кон техники и активности на учење (ден, седмица, месец);

- следење, поттикнување и мотивирање за натпревар во учењето, зголемување на самоодговорноста на учење, меѓусебно проверување на резултатите;

- следење на успехот од страна на воспитувачот и коминикација воспитувач-училиште-родител и обратно (со сите воспитувачи-перманентно низ класификационите периоди);

Содржините на работата во ова подрачје на учениците можат да бидат разновидни. Кои активности ќе се применат зависи од тоа какви се потребите на учениците, од расположливите ресурси и материјално - технички можности на Домот.

Најважна форма за реализација на интелектуалното воспитание е учењето на материјалот зададен во училиште. Воспитувачот го организира учењето во улога на ментор, аниматор и реализатор и во секое време е на располагање на учениците за консултации, појаснување, насоки и друг вид на помош. Тука учениците ги повторуваат, утврдуваат и го проверуваат знаењето, а воедно се стекнуваат и со умеење и навики како за учење така и за почитување на времето и местото за учење. Ученичкиот дом обезбедува соодветен простор за различни облици на учење (групна, фронтална, работа во парови, индивидуална работа, работа со послаби ученици, работа со талентирани ученици и сл.). Во Домот се сместуваат ученици од разни социјални средини и образовни организации, кои со себе носат најразлични навики за работа и стил за учење.

Важен момент во воспитната работа во ученичкиот дом на планот на интелектуалниот развој на учениците е следењето и вреднувањето на напредувањето на учениците. Успехот на учениците треба постојано да се следи од воспитувачот преку директен увид во извршувањето на задачите, преку разговор со учениците и класните раководители, а неопходно е известување на родителите.

➢ ЕСТЕТСКО ВОСПИТАНИЕ

За успешна реализација на содржините од естетското воспитание, покрај соодветните просторни услови, од особено значење е обезбеденоста на домот со соодветна опрема и средства за работа. Целта на естетското воспитание во ученичкиот дом е да ги надополни, прошири и продлабочи знаењата на учениците за убавото и естетското, да ги развие способностите за перцепирање, доживување и вреднување на убавото, како и да ги поттикне естетските творечки способности на учениците.

Содржините од естетското воспитание се остваруваат преку одредени активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година, а тоа се:

- запознавање на учениците со познати творци од областа на музиката, ликовната, драмската и рецитаторската уметност, во домашни и светски рамки;

- посета на изложби, претстави и сл.;

- организирање излети и екскурзии и запознавање со природните убавини (со претходно организирање на сите активности во согласност со постојните законски акти и правилници);

Реализатори на активностите од естетското воспитание се воспитувачите кои покрај својата стручност, треба да поседуваат и висок степен на естетска култура. Активностите за реализација на содржините се одвиваат во домот, но и надвор од него во природа, во галерии, кина, тетари, музеи, концертни сали и сл.

➢ РАБОТНО ВОСПИТАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСЕН ТРУД

Работното воспитание и општествено-корисниот труд се значајна компонента на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом. Низ процесот на трудот учениците ќе ги применуваат своите знаења, умеења и навики, да ги развиваат и усовршуваат за создавање на материјални вредности и подобрување на животниот стандард.

Целта на работното воспитание и општествено корисен труд во ученичкиот дом е учениците да го сфатат значењето на трудот како извор на сите вредности и кај нив да се формира позитивен однос кон физичкиот труд. Содржините од ова подрачје ќе се реализираат преку следните активности:

- развивање работни навики за исполнување обврски кон училиштето;

- работни навики за обврски кон домот (лична хигиена, хигиената во спалните соби на учениците, хигиена во останатите простории и дворот на домот, уредување на занимални и сл.);

- работно ангажирање на учениците преку самопослужување, дежурства, помош на техничката служба околу средување на инвентар и сл.;

Самата работа претставува извор на нови знаења, навики и вештини, развива потреба и смисол за кооперативни односи (соработка), ја поттикнува волјата и дисциплинираноста, ги развива позитивните човекови особини.

- ГРАЃАНСКО ВОСПИТАНИЕ

Целта на граѓанското воспитание е преку реализација на содржините од ова воспитно подрачје, Домот да придонесува кон индивидуалниот развој на учениците во корелација со хуманистичките и современи вредности.

Активностите на ова воспитно подрачје може да се групираат во неколку области со соодветни содржини на работа кои ќе се преименуваат, во зависност од возраста и потребите на учениците и можностите на Домот, а тоа се:

- Воспитување на хуманистички вредности: одговорност, праведност, дисциплинираност, авторитет, почитување на сопственото достоинство и достоинството на другите;

- почитување на позитивни меѓучовечки односи во Домот како целина;

- развивање на позитивен однос кон духовните и материјалните вредности преку организирање на разновидни активности кои ќе придонесат учениците да се запознаат со сопствената и културата на другите народи;

Реализацијата на содржините ќе се практикува континуирано низ повеќе методски постапки како и со личен пример на воспитувачот преку работни разговори, предавања и други форми. Одреден број содржини ќе се реализираат преку реализирање на ученички парламент преку кој учениците ќе бидат ставени во улога да решаваат прашања и проблеми од животот и работата во Домот.

9. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовниот процес овозможуваат да се проценува и анализира степенот на реализираноста на воспитно-образовната дејност во одреден временски период и врз основа на добиените сознанија да се осмислуваат конкретни мерки и активности за осовременување и подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Преку непосредното следење на реализацијата на Програмата за воспитно-образовна работа, ученичкиот Дом обезбедува податоци за тоа колку воспитувачите ги исполнуваат своите формални обрски во поглед на планирањето и подготвувањето на работата. При детектирање на евентуални пропусти и воочување од каков вид се истите, се пристапува кон тоа да им се овозможи инструктивно-советодавна помош каква што им е потребна. Се следи колку успешно и со каков дидактичко методски пристап се реализираат содржините од разните воспитно-образовни подрачја, какви воспитно-образовни резултати постигнуваат учениците во училиштето и каква помош им е потребна.

Унапредување на воспитно-образовната дејност значи превземање мерки и активности за усовршување на содржината на работата, нејзината организација, методиката на воспитната работа, воведување на иновации и слично. Во поглед на унапредувањето на воспитно-образовната дејност ученикиот дом може да поставува подолгорочни задачи кои ќе ги реализира во текот на една година.

Ученичкиот дом треба да работи и на вреднување на воспитно-образовниот процес, односно изградување на сопствен систем на следење, прибирање на податоци, анализирање и вреднување на резултатите што ги постигнува секоја учебна година или за подолг временски период. Вреднувањето може да го прави Директорот на Домот, воспитувачите, Совет на воспитувачи и други надлежни органи. Може да се вреднува работата во целина, одделни подрачја на поединци или пак на сите.

При програмирањето на задачите од ова структурално подрачје треба да се поаѓа од една критичка проценка на тоа какви се реалните состојби во Домот, во поглед на следењето на дејноста, нејзиното унапредување и на вреднувањето на резултатите што се постигнуваат. Врз основа на согледувањата што ќе се направат треба да се утврдат приоритетните задачи на Домот во сите три сегменти во рамките на ова воспитно-образовно подрачје. Исто така треба да се има во предвид и тоа дека одделни задачи може да се реализираат во пократок, а одделни во подолг временски период. Затоа, треба најнапред да се издвојат задачи со суштинско и фундаментално значење, а потоа останатите.

9.1. СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ

Во ученичкиот дом, како стручен орган, работи Советот на воспитувачи кој го сочинуваат давателите на услуги-воспитувачите и со него раководи Директорот на Домот. Како стручен орган ја извршува воспитно-образовната работа со учениците и работи во интерес на подобрување на успехот и поведението на учениците.

Советот на воспитувачи ги има следните надлежности:
- кооптира и разрешува членови на Управен одбор;
- учествува во подготовка на Годишна програма за работа на Домот;
- изготвува извештај за работа на Домот;
- изготвува извештаи за успехот на учениците по класификациони периоди;

- изрекува педагошки мерки на учениците;
- превзема мерки по донесени одлуки по ставови на Управниот одбор и на Директорот на Домот;
- пофалува и наградува ученици;
- соработува со училиштата и со родителите на учениците;

10. ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности претставуваат интегрално и многу значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на ученичкиот дом. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на:

10.1 Учество на спортски натпревари

- Домска лига
- Домијада
- Меѓудомски спортски натпревари и друг вид натпревари од пријателски карактер

10.2 Слободни ученички активности

На слободното време на учениците ќе се посвети особено внимание, бидејќи со неговото осмислување и активно реализирање ќе се осмисли една важна компонента во домскиот живот.

Во зависност од интересите и афинитетите, материјалните и кадровски можности на Домот, ќе се организираат следните слободни активности:

р.бр	секција	одговорен воспитувач
1.	СПОРТСКА -фудбал (м), (ж) -ракомет (м) -пинг-понг (м), (ж) - кошарка (м) - ракомет (ж) - шах (м), (ж)	Дејан Гиновски
2.	КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ЖИВОТ	Дејан Гиновски Ивана Димовска
3.	ЛИТЕРАТУРНА СЕКЦИЈА	Василка Ѓурчиновски
4.	ЕСТЕТСКА	Ивана Димовска
5.	БИБЛИОТЕКА	Валентина Граматова
6.	ИНФОРМАТИВНА	Дејан Гиновски Ивана Димовска

7.	ЛИКОВНА	Елена Даскалова Василка Ѓурчиновски
8.	ФОЛКЛОРНА	Елена Даскалова
9.	ЕКОЛОШКА	Дејан Гиновски Валентина Граматова Василка Ѓурчиновски Елена Даскалова Ивана Димовска

Слободните активности на учениците се карактеризираат со: доброволност, но и претходна анимираност, спонтаност, самоиницијативност, слобода при изборот на активноста, слобода во определувањето на времето и времетраењето на активноста и сл. Ученикот во зависност од својот интерес може да членува во 2 (две), евентуално во 3 (три), секции со согласност на Советот на воспитувачи.

За секоја слободна активнсот во рамките на домот се изготвува годишен план кој ги содржи целите, задачите, содржините, формите, методите, организацијата на работа, како и местото и времето на реализацијата.Работата на секоја активност се планира во почетокот, а се реализира во континуитет во текот на целата учебна година.

11. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во нашиот ученички дом се води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат ученичкиот дом во организирани натпреварувања на локално и национално ниво. Евиденција се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од воспитувачите во ученичкиот дом. Учениците од ученичкиот дом имаат завидни постигнувања во повеќе области како од општествено-хуманистичките области, природно-математичките предмети и пред се од спортските постигнувања од кои најзначајни се: учество на Домска лига и Домијада.

Ученичкиот дом јавно ги пофали и соодветно ги награди сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и во следните години. На сите ученици им се доделуваат посебни пофалници за постигнатите резултати и достоинственото претставување и афирмирање на ученичкиот дом, со што на сите им се дава мотив да продолжат да не претставуваат во најсјајно светло.

ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашиот ученички дом имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се отфрлиле неприфатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивање на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми. Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството. Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции.

Безбедност во ученичкиот дом

Еден од приоритетите во ученичкиот дом е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата домска зграда, како и безбедноста во дворот на ученичкиот дом. Ученичкиот дом има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во ученичкиот дом во случај на елементарни непогоди.

Позитивна социо-емоционална клима

Промените што се случуваат во општеството и воопшто во светот, и брзиот развој на технолошките процеси особено се одразуваат врз човекот и семејството како основна клетка во општеството. За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) воспитувачот ќе реализира индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, ќе се изготват акциски планови и програми за работа, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

Во ученичкиот дом постои позитивна клима на соработка и разбирање. Сите ученици се подеднакво третирани, а им се дава социо-емоционална поддршка, без разлика на полова, верска и национална припадност.

Со интенција да се подобри адаптацијата и социјалната интеракција во домската средина на ученици кои се воспитно запоставени или живеат во дисфункционални семејства или пак имаат некаков физички или ментален хендикеп (ранлива група на ученици), ќе се реализираат едукативни интерактивни работилници со родители и ученици.

Носители и реализатори на овие активности се воспитувачите.

12. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Грижата на ученичкиот дом за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која што се реализира во соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница.

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат, треба да се здрави. Тргнувјќи од оваа констатација, заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во Ученичкиот дом, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Со оглед на комплексноста и екстензивноста на категоријата здравје, глобално содржините во рамките на здравствената политика на ученичкиот дом во програмата се групирани во три подрачја:
-унапредување на здравјето во физичка смисла;
-унапредување на менталното здравје;
-социјално здравје.

Хигиена во Ученичкиот Дом

Во ученичкиот дом во текот на целата учебна година се води грижа за зачувување на здравјето на учениците, и се преземаат мерки за негово подобрување. Грижата за здравјето на учениците се реализира преку следните активности:

- редовно одржување на личната хигиена преку интеракција воспитувач-ученик и ученик-ученик;

-унапредување на здравјето преку редовна физичка активност;

- организирање на спортски натпревари од страна на општината и ученичкиот дом за подобрување на здравјето на учениците;

- редовно одржување на хигиената во ученичкиот дом и дворот на ученичкиот дом

Хигиенско – санитарните услови во ученичкиот дом се на високо ниво. Помошно-техничкиот персонал во ученичкиот дом се грижи личната хигиена на учениците, вработените и хигиената во ученичкиот дом секогаш да биде на високо ниво.

Ученичкиот дом преку редовни еко акции , предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената.

Посебен акцент преку инплементацијата на HACCP стандардот е ставен на хигиената во кујната на ученичкиот дом.

Исхрана на учениците

Во новоизградениот објект кујна со трпезарија и административен простор изграден по високи стандарди за подготовка и послужување на храната, престојот и исхраната на учениците е на највисоко ниво. Во целост е обезбедена хигиено - санитарна исправна, калорична, квантитативна и квалитативна исхрана во Домот.

Санитарно-систематски прегледи ќе се обавуваат за воспитниот кадар и техничкиот персонал според законските прописи и решенија.

Во однос на исхраната ученичкиот дом, покрај доволна количина, обезбедува и разновидна храна која квалитетно се подготвува и одговара на современите сфаќања и стандарди на здрава храна. Покрај тоа домот постојано влијае да се менуваат навиките на исхрана и да се создаваат култура на исхрана во чија основа ќе биде здрава храна.

Листата на јадење се изготвува според постоечките нормативи во соработка со надлежна институција-Центар за јавно здравје-Велес. Формирана е работна група за подготовка на листата на јадење-мени, во која има претставници од ученичкиот дом: готвач, магационер и воспитувачи, претставник-доктор од Центар за јавно здравје и претставник од Совет на родители. Истата ќе се разгледува и усвојува на состанок на Управниот одбор на Домот.

Цената за сместување и исхрана на учениците ја утврдува МОН.

Едукација за здрава исхрана

Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност се овозможува зачувување на здравјето. ОУД „Лазар Лазаревски" Велес има стратегија за постојано водење на грижа за здравјето на секој ученик и вработен.

Ученичкиот дом во текот на целата учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните воспитно-образовни содржини, така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници.

13. ДОМСКА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

Етички кодекси

Во ученичкот дом, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна домска клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно-образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент и добри меѓусебни односи.

Ученичкиот дом има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, воспитувачите и родителите како и останатите структури во Ученичкиот дом. Изработени и усвоени се Кодекси на однесување за сите субјекти:

- Етички Кодекс за воспитувачи,
- Етички Кодекс за ученици,
- Етички Кодекс за родители,
- Етички Кодекс за останатите вработени.

Истите се поставуваат на видно место во ученичкиот дом и без исклучоци треба да се почитуваат. Учениците, воспитувачите и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите состаноци на Домската заедница, Совет на воспитувачи, родителски состаноци, Совет на родители.

Дисциплина

Дисциплината во ученичкиот дом го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, воспитувачи, останати вработени во домот), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и домскиот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на ученичкиот дом, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на ученици во ученичкиот дом. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на занимањата на учениците и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од ученичкиот дом, ја следат дисциплината и редовноста на учениците.

Директорот и Советот на воспитувачи соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои не го почитуваат Куќниот ред на Домот.

Куќен ред

Куќниот ред овозможува да се предочи во кој временски интервал од денонoќието со што е пожелно воспитаниците да се активираат и каде да го прават тоа. Ова пак ќе придонесе да се почитуваат потребите на секој поединец за активност, но и одмор. За поуспешно реализирање на програмските барања Домот има изработено Правилник со кој се регулира животот и работата во него и е составен дел на Годишната програма. Правилникот на Куќниот ред со предвидените активности се истакнува на огласната табла во Домот.

На овој начин кај учениците ќе се развие чувство и потреба за формирање на навики на култура на живеење како и чувство на одговорност за исполнување на должности, како и меѓусебно почитување и толеранција во заедничкото живеење.

Извадок од Правилникот на Куќен ред за активностите на ОУД „Лазар Лазаревски" Велес:

Време	Активност
06:15 –06:45	Станување и уредување на спалната
06:15 –08:00	Појадок (сабота и недела 08:30 – 09:00)
08:00 –10:00	Подготовка за настава - учење
10:00 –10:30	Пауза - одмор
10:30 –11:30	Индивидуална работа и помош во наставата од воспитувач
11:30 –12:30	Слободно време и рекреација
12:30 – 14:30	Ручек (сабота и недела 12:00 – 12:30)
14:00 – 16:00	Попладневен одмор
16:00 – 18:00	Подготовка за настава
18:00 – 19:00	Индивидуална работа и помош во наставата од воспитувач
19:00 – 20:30	Вечера (сабота и недела 18:00 – 18:30)
20:00 – 22:00	Состаноци со воспитни групи и разговор со учениците – работа со комисии, секции и сл.
до 22:00	Културни активности (во петок и сабота до 24:00)
22:00 – 23:00	Подготовка за легнување
23:00	Гаснење на светлото
	Излезот на учениците е до 22:00 (во петок и сабота излезот на учениците е до 24:00)

Педагошки мерки

Како и во сите сфери на живеење во кои постојат утврдени норми и правила на однесување, така и во ученичкиот дом постојат соодветни мерки кои се преземаат со цел да се изврши санкционирање на одредени постапки. Специфичноста на домската средина налага потреба на мерки кои го носат префиксот педагошки и кои делуваат како мерки на насочување, поттикнување и спречување. Имено, тоа значи дека посочувањето, советувањето и подучувањето ги користиме како педагошки мерки со кои го насочуваме воспитаникот кон одреден облик на однесување.

Пофалбата, наградата и признанието ги користиме како педагошки мерки со кои сакаме да афирмираме и поттknеме одреден пројавен интерес, активност, облик на однесување, а додека: предупредувањето, барањето, надзорот и во крајна линија казнувањето ги користиме во случај да забележиме некое поведение кое е пожелно да се инхибира, за да не стане трајна придобивка во начинот на однесување на воспитаникот. При користење на услугите во ученичките домови, ученикот е должен да ги извршува должностите утврдени со актите на ученичкиот дом. Заради повреда на должностите и неисполнување на

обврските за ученикот можат да се применат педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од ученичкиот дом (забрана за користење на услугите во ученичкиот дом). Педагошките мерки ги донесува воспитувачот при својата непосредна работа со воспитната група, но одредени педагошки мерки ги донесува и Советот на воспитувачи.
Изрекувањето на педагошки мерки ќе биде согласно Законот за ученички стандард и Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Естетско и функционално уредување на просторот во Ученичкиот Дом

Сите вработени и ученици во ученичкиот дом се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Воспитувачите допринесуваат за естетското и функционалното уредување на ученичкиот дом со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во ученичкиот дом се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување.

Сите вработени и ученици во текот на учебната година континуирано развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на ученичкиот дом со посебен акцент за мулти-културализмот во ученичкиот дом. Со целосно хортикултурно уредување на дворот и ентериерот во ученичкиот дом се задоволени естетските потреби на еден современ ученички дом, кој ги задоволува потребите на учениците кои престојуваат во него.

Сите простории во ученичкиот дом функционално ги задоволуваат потребите на учениците и воспитувачите, како и останатите вработени во Домот, со што се овозможува непречена реализација на воспитно-образовниот процес.

Мулти-културализам и односи меѓу сите структури

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во севкупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Ученичкиот дом е препознатлив по високиот квалитет на работа и постигнувања на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на Домот. Ученичкиот дом се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во домскиот живот. Учениците и вработените се идентификуваат со ученичкиот дом, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Покрај запознавањето на различните етникуми во Република Северна Македонија, учениците, нивните родители и воспитувачите, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој продонес и учество. Воспитувачите и учениците ќе соработуваат преку реализација на занимањата и воннаставните активности.

Ученичкиот дом води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во домскиот живот. Во Домот постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и воспитниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во ученичкиот дом што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на Домот.

Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за ученичкиот дом како средина во која престојуваат и меѓусебно да си помагаат.

14. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Стручното усовршување и професионалниот развој на вработените во ученичкиот дом влегува во приоритетите на ученичкиот дом. Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на ученичкиот дом т.е. интерно усовршување, како и екстерно т.е. надворешно усовршување.

Минувајќи низ овој процес на учење, практична работа, истражување, развивање и унапредување на знаењата, вештините и способностите на поединецот, воспитувачот станува практичар кој промислува и во склад со своите потреби и потребите на ученичкиот дом поставува цели за сопствен професионален развој. Паралелно со улогата воспитувач, тој треба да преземе и улога на ученик. Тоа значи да биде одговорен за одлуките кои се однесуваат на сопствениот процес на учење кој е поврзан со личните и потребите на ученичкиот дом. За да се организираат современи и квалитетни занимања, воспитувачите треба да ги познаваат најновите стручни и методички достигнувања, како и достигнувањата од областа на современата технологија.

За професионалниот развој да биде навистина континуиран процес, тој мора да се одвива и во рамките на ученичкиот дом, низ разни видови пренесувања и размена на знаења на ниво на еден или повеќе ученички домови.

- Детектирање на потребите и приоритетите

Ученичкиот дом како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Така, согласно спроведените анкети во ученичкиот дом детектирано е дека вработените во ОУД „Лазар Лазаревски" Велес треба континуирано да продолжат да се надоградуваат и да ги прошируваат своите граници на знаење од својата област.

Секој воспитувач, делувајќи преку Совет на воспитувачи, има можност да ги изнесе своите потреби и барања за личен професионален развој како и да понуди идеи за професионален развој на воспитниот кадар воопшто. Тие потреби, идеи и барања се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Професионалниот развој на воспитувачот овозможува континуирано стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на вештини и способности кои се релевантни за успешност на занимањата и воннаставните активности на учениците. Исто така, дава можност за стекнување на знаења и вештини кои обезбедуваат квалитетна и успешна соработка со колегите и управата на ученичкиот дом, како и квалитетен однос со локалната заедница. Овозможува и припрема за прифаќање на системските промени, нивна успешна примена и активно учество и иницијативност во спроведување на реформите.

Ќе се следат и поттикнуваат сите субјекти во ученичкиот дом за нивно поуспешно учество на конференции, регионални средби, учество со научен труд во домашни и меѓународни списанија, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

- Активности за професионален развој

- Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари),
- совет/ поддршка на воспитувачите на барање на воспитувачите или врз основа на опсервација во ученичкиот дом
- состаноци на ниво на Совет на воспитувачи
- семинари во ученичкиот дом
- воннаставни активности
- подршка на индивидуално учење
- размена на позитивна пракса помеѓу воспитувачи во ученичкиот дом и помеѓу воспитувачи од други ученички домови

Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи.

- Личен професионален развој

Секој воспитувач е задожен да :
- води сопствено портфолио/ професионално досие
-посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување, стекнување нови искуства и сертификати

- Хоризонтално учење

Професионалниот развој во ученичкиот дом подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самиот ученички дом или помеѓу ученички домови

- Тимска работа и домска клима

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на ученичкиот дом. Во таа насока ученичкиот дом предвидува начини и форми за поттикнување на соработка помеѓу сите вработени лица во ученичкиот дом. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Тимската работа е начин на кој се остваруваат многу форми на учење, се развиваат успешни пристапи кои се базираат врз богатството и разновидноста на знаења, мислења и погледи. Таа е од големо значење за реализација на хоризонталното учење. Успешноста на хоризонталното учење е во голема мера резултат на успешната тимска работа. Во нашиот ученички дом, тимската работа е застапена во секој сегмент на делување. Се карактеризира со одлична соработка и несебично разменување на искуства помеѓу сите структури во Домот.

15. ОПШТЕСТВЕНО КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

15.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

Соработката со родителите на учениците овозможува ученичкиот дом да може ефикасно и успешно да ја реализира воспитно-образовната функција, а со цел подобро да се запознаат учениците и да обезбеди единственост на воспитното делување. Воспитно-образовниот процес на адолесцентот е незамислив без перманентна, блиска, отворена и целосна соработка со родителите, односно семејството на ученикот. Семејството е тоа кое го доверило својот член да биде дел од ученичкиот дом и секако, треба да има неприкосновено право на комуникација, соработка, информирање за се она што се случува во ученичкиот дом.

Оваа соработка, комуникација во најширока смисла на зборот се овозможува преку најразлични форми и облици, почнувајќи од родителски средби, прием на родителите, вклучување на родителите во управувањето со ученичкиот дом, стручна соработка со нив, советодавна работа со родители чии деца потешко се вклучуваат во наставата, вклучување на родителите во остварување на целите на ученичкиот дом, заеднички забави, одбележување приредби,културни, спортски или научни манифестации.

Соработката може да се остварува и преку индивидуални и групни советувања Учеството на родителите во реализацијата на задачите на ученичкиот дом се обезбедува преку советот на родители, разни повремени и постојани комисии, поединечно ангажирање на родителите и др.

Голем број на ученици кои се сместени во него прв пат се одделуваат од семејството, пријателите и родното место. Со цел да имаат поддршка во адаптацијата во новата средина, ученичкиот дом постојано соработува со семејствата. Оваа соработка е особено значајна во почетокот на престојот во Домот. Преку соработката со родителите се добиваат информации за родното место на ученикот, материјално-економските услови на семејството, положбата на ученикот во семејството и неговиот психо-социјален статус. Родителот пак се информира за тоа како и во какви услови живее и учи нивното дете, како се одвива неговиот психо-социјален развој и какви резултати постигнува во учењето.

15.2.СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТАТА

Соработката со училиштата е значаен сегмент од работата на секој Ученички дом. Преку неа ќе добиваме сознанија за целокупниот живот и работа на учениците во двете средини, што придонесува полесно да се донесуваат и да се превземаат мерки за подобрување на воспитно-образовната работа во училиштето и Домовите. Ќе ја остваруваме преку следниве форми и активности:

- *соработка при програмирањето на работата во Ученичкиот дом (програмирање на заедничките активности),*
- *запознавање со условите, организацијата и резултатите од воспитно-образовната работа,*
- *запознавање со обврските на ученикот во уилиштето и Ученичкиот дом,*
- *соработка при организирање на слободните активности,*
- *соработка на планот на следењето на успехот и напредувањето на учениците на образовен и воспитен план,*
- *меѓусебна соработка на наставниците, воспитувачите и стручните соработници преку учество на стручните органи на училиштето и Домот,*
- *реализирање на потпишаниот Договор за соработка со ССОУ "Коле Неделковски" Велес, учениците од насоката за угостителство, практичната настава да ја изведуваат во Домот.*

Богатството и разноводноста на програмата е условено и од креативноста и инвентивноста на воспитно-образовниот кадар од кои се бара високо стручно и професионално ангажирање.

Меморандуми за соработка

Ученичкиот дом има потпишано Меморандум за соработка со:

- Локалната самоуправа
- Територијална Професионална Противпожарна единица Велес
- Средно стручно општинско училиште „Коле Неделковски" Велес
- Здружение на жени за мултикултурни активности „Креација 2009"
- Народен театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот"

Медиуми

Сите активности кои се реализираат во ученичкиот дом се медиумски покриени.

ПРИЛОЗИ

- Годишна програма за работа на директор
- Годишна програма за работа на Совет на воспитувачи
- Годишна програма за работа на Домска заедница
- Годишна програма за работа со воспитна група
- Годишна програма за работа на слободни ученички активности
- Годишна програма за работа на Совет на родители
- Годишна програма за работа на Управен одбор

Напомена: Сите прилози кои се составен дел на Годишната програма, а се изготвуваат за потребите на воспитно – образовната работа се на увид во Домот.

в.д. Директор:

Марјанчо Јорданов

Општински ученички дом ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ Велес Република Македонија

Претседател на УО

Александар Гулевски